SAVA
OSIGURUVANJE

Врз основа на член 66 од Статутот на САВА осигурување а.д. Скопје (во понатамошниот текст: Осигурвач, Друштво), Генералниот директор Ило Ристовски и Извршниот директор Мелита Гугуловска, на ден 20.08.2020 година ја донесоа следнава:

**ОДЛУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА КЛАУЗУЛА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО СТРАНСТВО + COVID-19**

SAVA OSIGURUVANJE
САВА осигурување, а.д. Скопје
Бр. 08-21064/2020
20.08.2020 год.

**Општи одредби**

**Член 1**

(1) Одлуката за осигурување на лица за време на патување и престој во странство+Covid-19 (во натамошниот текст: Одлука) е составен дел од договорот за осигурување (полиса за осигурување) на лицата за време на патувањето и престојот во странство кој договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со " САВА ОСИГУРУВАЊЕ " а.д. Скопје
(2) Договорувачот на осигурувањето може да биде правно или физичко лице кое има интерес да го склучи ова осигурување.

**Проширување на покритие од Covid-19**

**Член 2.**

(1) Со осигурување на лицата за време на патување и престој во странство на територијата на Европа, Турција, Русија, Египет и Тунис, во времетраење од максимум 31 ден, може да се договори и проширување на осигурителното покритие, така што тоа ги покрива трошоците настанати во тек на давање на неопходна медицинска помош и трошоците за превоз во случај на болести кои се произлезени или се последица од Covid-19.
(2) За осигуран случај, поврзан со оваа Одлука, се смета исклучиво развој на инфекција предизвикана од вирусот Covid-19, дијагностицирана на барање на лекарите, во склоп со здравствениот протокол на земјата во која се наоѓа осигуреникот.
(3) Со оваа Одлука, Осигурувачот има обврска да ги надомести трошоците на неопходната медицинска помош и превоз, согласно член 6. Условите за осигурување на лица за време на патување и престој во странство (У-ПАТН 02/2018 бр. 02-35735/9 од 19.12.2018 година, во натамошниот текст: Услови), во максимален износ од 2.000 евра за лице по штетен настан.
(4) Во случај на смрт на осигуреникот, Осигурувачот ќе ги покрие и трошоците во согласност со член 8, точка 3 од Условите.
(5) Осигурувачот нема обврска да ги надомести трошоците во случај на карантин и превентивно тестирање на Covid-19.
(6) Осигурувачот нема обврска да исплати евентуално настанати трошоци на лекување кои, според здравствениот протокол на земјата во која престојува осигуреникот, паѓаат на товар на здравствениот систем и тоа од моментот на воспоставување на дијагноза Covid-19.
(7) Надоместокот од осигурување во случај на заболување од Covid-19, го намалува износот на осигурената сума договорена по полиса за осигурување на лица за време на патување и престој во странство.
(8) Доплатокот за договарање на проширување на покритие +Covid-19 изнесува 50% од премијата за избраниот пакет на покритија за осигурување на лица за време на патување и престој во странство.

**Завршни одредби**

**Член 3**

(1) Оваа Одлука се применува при склучување на осигурувањето по сите важечки услови за осигурување на лица за време на патување и престој во странство и пакет патнички осигурувања.
(2) За односите помеѓу осигурувачот и договорувачот на осигурувањето кои не се одредени со оваа Одлука, се применуваат одредби на важечките Условите за осигурување на лица за време на патување и престој во странство (У-ПАТН 02/2018 бр. 02-35735/9 од 19.12.2018 година, како и одредбите на Законот за облигациони односи.
(3) Оваа Одлука стапува на сила и се применува почнувајќи од 01.09.2020 година.

Скопје, 20.08.2020 година

Генерален директор

Ило Ристовски

Извршен директор

Мелита Гугуловска